Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Филолошки факултет "Блаже Конески"
СКОПЈЕ

| Примено: 06-03-2023 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вреднос: |
| 08 | 86/5 | | |

**До Деканатот на**
**Филолошкиот факултет**
**„Блаже Конески“ – Скопје**

**Предмет**: Одговор на писмо бр. 08-86/4 од 23.02.2023 во врска со пријавата на Мила Виларова за демонстратор на студиската програма по англиски јазик и книжевност

На својата 84-та редовна седница, одржана на 16.02.2023 година, Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје нè избра за членови на комисија за избор на демонстратор за студиската програма по англиски јазик и книжевност по предметот Граматика на современиот англиски јазик – Морфологија 1. На објавениот интерен конкурс се пријави кандидатката Мила Виларова.

Откако ја разгледавме приложената документација на кандидатката Мила Виларова, на Наставно-научниот совет му го поднесуваме следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

Кандидатката Мила Виларова ги исполнува посебните услови за избор во демонстратор на Филолошкиот факултет бидејќи има завршено прв циклус студии на Катедрата за англиски јазик и книжевност со просечна оцена 9,58. Исто така, кандидатката е редовен студент на студиската програма Наука за јазик – англиски јазик на втор циклус студии (запишана во учебната 2021/2022 и во тековната учебна година 2022/2023 запишала предмети во зимскиот семестар) и во моментот работи на својот магистерски труд.

Работното искуство на кандидатката Мила Виларова се состои од следните професионални ангажмани: во август 2019 работи како преведувач во Локалната самоуправа на град Велес, С. Македонија, од ноември 2020 до јуни 2022 работи како професор по англиски јазик во The Bell Language Centre, Скопје, С. Македонија, и од октомври 2022 наваму работи како професор по англиски јазик во LinguaLink Language School, Скопје, С. Македонија. Во летниот семестар 2022, таа е избрана за демонстратор по предметот Практична подготовка за наставата по англиски јазик 2 при Катедрата за англиски јазик и книжевност. Во зимскиот семестар 2022, таа е избрана за демонстратор по предметот Граматика на англискиот јазик – Морфологија 2 при Катедрата за англиски јазик и книжевност.

Кандидатката Мила Виларова има стекнато искуство и во научната дејност. Во улога на студент волонтер таа учествува во проектот „Развивање на јазичните компетенции на идните наставници по англиски јазик со имплементирање на Заедничката европска референтна рамка за јазици (ЗЕРРЈ)“, проект на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при УКИМ во Скопје, во рамките на кој држи микро-настава од октомври 2019 до јануари 2020. Од јуни 2021 до август 2021 посетува онлајн курс за поучување изговор на англиски јазик English Pronunciation Pedagogy организиран и спроведен од Државниот Универзитет во Ајова, САД. Понатаму, во рамките на меѓународниот научен проект Comparing Confidence and Trust Online and Offline (CompConTrustOO) во јули 2022 престојува на Технолошкиот Универзитет во Кемниц, Германија, каде посетува работилница за стекнување на доверба во онлајн и хибридната настава, како и презентира резултати од спроведено истражување од областа на критичката дискурс

анализа под наслов “The Representation of the Russo-Ukrainian Conflict in Macedonian and Croatian Online Newspaper Headlines”. Во рамките на истиот проект во август 2022 учествува на летната школа во Палиќ, Србија, каде посетува работилници за користење онлајн алатки и анализа на бази на податоци, како и презентира резултати од спроведено истражување од областа на корпусната лингвистика под наслов “Twitter Users' Perception of Truth and Lies Regarding the COVID-19 Pandemic: Whom do Twitter Users Trust?”.

Мила Виларова има објавено еден научен труд како самостоен автор во зборник на трудови објавен во рамките на проектот „Развивање на јазичните компетенции на идните наставници по англиски јазик со имплементирање на Заедничката европска референтна рамка за јазици (ЗЕРРЈ)“. Таа има учествувано во меѓународни научни конференции како учесник со презентација (English Studies at the Interface of Disciplines – ESIDRP 2022, We Still Plan 2020). Исто така, како волонтер учествува и во организацијата на меѓународната конференција 6th International Conference on English Pronunciation: Issues and Practices (EPIP 6) организирана од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје во мај 2019.

Кандидатката Мила Виларова има искуство и во стручно-апликативната дејност: во 2018 ангажирана е како соработник во организацискиот тим на меѓународниот проект „Бегалец сега, човек секогаш“ организиран и спроведен од УНЦХР и локалната самоуправа на град Велес. Во 2015 има освоено прво место на Државниот натпревар по македонски јазик и второ место на Државниот натпревар по литература „Ацо Караманов“. Кандидатката Виларова говори неколку странски јазици: англиски (напредно ниво), турски (почетно ниво) и шпански (почетно ниво). Обучена е да ракува со кориснички компјутерски оперативни системи (Microsoft Word, Microsoft PowerPoint, Microsoft Access, Microsoft Teams) и аудио и видео конференциски алатки за онлајн комуникација (Zoom, Skype, Cisco Webex, Google Meet).

Имајќи го предвид профилот на кандидатката, наведените професионални и стручни квалификации, како и нејзинато работно искуство на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при што се докажала како мошне исполнителен, одговорен и компетентен соработник, комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, да ја избере кандидатката Мила Виларова за демонстратор по предметот Граматика на современиот англиски јазик – Морфологија 2.

Рецензентска комисија:

__________________________________

проф. д-р Јованка Лазаревска-Станчевска

__________________________________

вон. проф. д-р Анастазија Киркова-Наскова

__________________________________

вон. проф. д-р Наташа Стојановска-Илиевска